ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита на животната средина
бул. „Јане Сандански" бр. 109 Б
Скопје

врска бр. 18-1128/1 од 29.04.2025 год

**До**
в. д. Градоначалник
на Општина Аеродром
Дејан Митески
- тука

Врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25), а во врска со доставен предлог за одобрување Планска програма за Детален урбанистички план за градска четврт И13 блок И13.05, Општина Аеродром - Скопје, Комисијата за урбанизам на Општина Аеродром формирана од градоначалник со Решение за измена на Решение за формирање Комисија за урбанизам на Општина Аеродром бр.04-1236/3 од 15.6.2023 година дава:

**ПРЕДЛОГ**
**за одобрување Планска програма за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт И13 блок И13.05, Општина Аеродром - Скопје**

Преку електронскиот систем е-урбанизам, постапка бр. 71064, доставено е барање со архивски бр. 18-1128/1 од 29.04.2025 година за одобрување **Планска програма за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт И13 блок И13.05, Општина Аеродром - Скопје**, со тех. бр. 06/25 од јуни 2025 год. изработена од ГОПЛАН ДОО Гостивар.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границата на блокот И 13.05, како што е одредена со Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за четврт И 13 2017-2022(Одлука бр. 27-7906/1 од 27.08.2019). Истата се движи како што следи:

- на север границата се движи по оската на сервисната улица „С3" како што е планирана со РП на ГУП на Град Скопје за четврт И 13 2017-2022;
- на запад границата се движи по оската на сервисната улица „С1 А" како што е планирана со РП на ГУП на Град Скопје за четврт И 13 2017-2022;
- на југ границата се движи по оската на булевар „Трета македонска бригада" како што е планирана со РП на ГУП на Град Скопје за четврт И 13 2017-2022;
- на исток границата се движи по оската на собирната улица „Васко Карангелески" како што е планирана со РП на ГУП на Град Скопје за четврт И 13 2017-2022;

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаната граница изнесува 84043.5999 м², односно **8,404 хектари**.

Периметарот на планскиот опфат за Блок И 13.05 се движи по оските на околните планирани улици со РП на ГУП на Град Скопје за четврт И 13 2017-2022 опишани погоре.

Површината на Блокот И 13.05 до регулациската линија на ниво на блок, како што е дефинирана со РП на ГУП на Град Скопје за четврт И 13 2017-2022, изнесува **6,97 хектари.**

Комисијата за урбанизам на Општина Аеродром, Скопје, го разгледа барањето за одобрување на Планската програма и констатира:

Планската програма со технички бр. 06/2025 од јуни 2025 год. од ГОПЛАН ДОО Гостивар е изработена согласно со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25) и член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ"бр.225/20,219/21,104/22, 99/23 и 7/25). Запазени се и одредбите од Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ 11/18 и 42/20 и 224/24) како и друга релевантна законска и подзаконска регулатива.

За регуларноста на планот во однос на параметрите дадени со ГУП е надлежен Град Скопје и други институции, од кои во текот на постапката за донесување на урбанистичкиот план треба да се обезбедат мислења и согласности.

Во текот на постапката по направен увид на предлог-планска програма, неколку члена на партиципативното тело не го потпишале Записникот од партиципативно тело.

Врз основа на горенаведеното, согласно со член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25), Комисијата за урбанизам му предлага на в. д. градоначалникот на Општина Аеродром да ја одобри Планската програма за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт И13 блок И13.05, Општина Аеродром - Скопје.

**Комисија за урбанизам:**

Иван Кокалановски, д.и.а

Зоран Пауноски, д.и.а

Страшко Хаџи Коцев, д.и.а

Елена Дракуловска Гигов, д.и.а — Elena Drakulovska Gigov — Digitally signed by Elena Drakulovska Gigov Date: 2025.07.17 10:04:52 +02'00'

Александар Јанакиески, д.и.а — Aleksandar Janakieski — Digitally signed by Aleksandar Janakieski Date: 2025.07.17 09:38:14 +02'00'

Јован Христоски, д.с.и — Jovan Hristoski — Digitally signed by Jovan Hristoski DN: c=MK, serialNumber=275444, sn=Hristoski, givenName=Jovan, cn=Jovan Hristoski Date: 2025.07.17 09:54:06 +02'00'

Датум: 16.7.2025 год.

Република Северна Македонија Општина Аеродром Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита на животната средина
бул. „Јане Сандански“ бр. 109 Б
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-1128/5
18 JUL 2025 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25), а во врска со доставен предлог за одобрување на Планска програма за Детален урбанистички план за градска четврт И13 блок И13.05, Општина Аеродром од страна на комисијата за урбанизам, в. д. Градоначалникот на Општина Аеродром на 17.7.2025 год. донесе:

# РЕШЕНИЕ

**за одобрување Планска програма за Детален урбанистички план за градска четврт И13 блок И13.05, Општина Аеродром – Скопје**

1. Се одобрува Планска програма за Детален урбанистички план за градска четврт И13 блок И13.05, Општина Аеродром – Скопје.
2. Составен дел од оваа Решение е Планска програма за Детален урбанистички план за градска четврт И13 блок И13.05, Општина Аеродром, Скопје, со технички бр. 06/25 од јуни 2025 со архивски бр. 18-1128/1 од 29.04.2025 година, изработена од ГОПЛАН ДОО Гостивар.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Преку електронскиот систем е-урбанизам е поднесено барање за одобрување **Предлог-планска програма за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт И13 блок И13.05, Општина Аеродром - Скопје,** изработена од ГОПЛАН ДОО Гостивар, бр. на постапка 71064 од 25.04.2025год. По спроведување на постапката согласно со член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25) и врз основа на Предлог за одобрување од страна на Комисијата за урбанизам бр.18-1128/4 од 17.07.2025 година, донесено е Решение за одобрување Планска програма за Детален урбанистички план за градска четврт И13 блок И13.05, Општина Аеродром, Скопје.

В. Д. ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Дејан Митески

Република Северна Македонија-Општина Аеродром • Скопје •